| | | 69.893.162 | 35.992.343 | 500.000 | 0 | 51.105.907 | 50.780.131 | 5.023.433 | 4.962.000 | 0 | 0 | 126.522.502 | 91.734.474 |
| JN0 | УРБАНА ОПРЕМА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ) | 586.000 | 585.433 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 586.000 | 585.433 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **586.000** | **585.433** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **586.000** | **585.433** |
| 482 | Други градежни објекти | 586.000 | 585.433 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 586.000 | 585.433 |

# ПОСЕБЕН ДЕЛ НА ЗАВРШНА СМЕТКА
## Ниво на: Ставка

| Категорија / Ставка / Потставка | О П И С | Буџетска сметка | | Самофинансирачка сметка | | Сметка на дотации | | Сметка на донации | | Сметка на кредити | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | Буџет | Реализ. |
| | | **69.893.162** | **35.992.343** | **500.000** | **0** | **51.105.907** | **50.780.131** | **5.023.433** | **4.962.000** | **0** | **0** | **126.522.502** | **91.734.474** |
| K40 | КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО | 180.000 | 148.751 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 180.000 | 148.751 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **80.000** | **48.751** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **80.000** | **48.751** |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 20.000 | 16.241 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 20.000 | 16.241 |
| 425 | Договорни услуги | 60.000 | 32.510 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 60.000 | 32.510 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **100.000** | **100.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **100.000** | **100.000** |
| 464 | Разни трансфери | 100.000 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 | 100.000 |

# ПОСЕБЕН ДЕЛ НА ЗАВРШНА СМЕТКА

## Ниво на: Ставка

| | 69.893.162 | 35.992.343 | 500.000 | 0 | 51.105.907 | 50.780.131 | 5.023.433 | 4.962.000 | 0 | 0 | 126.522.502 | 91.734.474 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Категорија<br>Ставка ОПИС<br>Потставка | Буџетска сметка | | Самофинансирачка сметка | | Сметка на дотации | | Сметка на донации | | Сметка на кредити | | ВКУПНО | |
| | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | Буџет | Реализ. |
| L00 СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА | 100.000 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 | 100.000 |
| **46 СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **100.000** | **100.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **100.000** | **100.000** |
| 463 Трансфери до невладини организации | 100.000 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 | 100.000 |

# ПОСЕБЕН ДЕЛ НА ЗАВРШНА СМЕТКА

## Ниво на: Ставка

| Категорија / Ставка / Потставка — О П И С | Буџетска сметка — План | Буџетска сметка — Реализ. | Самофинансирачка сметка — План | Самофинансирачка сметка — Реализ. | Сметка на дотации — План | Сметка на дотации — Реализ. | Сметка на донации — План | Сметка на донации — Реализ. | Сметка на кредити — План | Сметка на кредити — Реализ. | ВКУПНО — Буџет | ВКУПНО — Реализ. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **69.893.162** | **35.992.343** | **500.000** | **0** | **51.105.907** | **50.780.131** | **5.023.433** | **4.962.000** | **0** | **0** | **126.522.502** | **91.734.474** |
| N10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ | 110.000 | 106.656 | 500.000 | 0 | 51.105.907 | 50.780.131 | 0 | 0 | 0 | 0 | 51.715.907 | 50.886.787 |
| **40 ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **0** | **0** | **0** | **0** | **40.465.000** | **40.291.994** | **0** | **0** | **0** | **0** | **40.465.000** | **40.291.994** |
| 401 Основни плати | 0 | 0 | 0 | 0 | 28.585.000 | 28.507.688 | 0 | 0 | 0 | 0 | 28.585.000 | 28.507.688 |
| 402 Придонеси за социјално осигурување | 0 | 0 | 0 | 0 | 11.130.000 | 11.054.358 | 0 | 0 | 0 | 0 | 11.130.000 | 11.054.358 |
| 404 Надоместоци | 0 | 0 | 0 | 0 | 750.000 | 729.948 | 0 | 0 | 0 | 0 | 750.000 | 729.948 |
| **42 СТОКИ И УСЛУГИ** | **0** | **0** | **500.000** | **0** | **9.742.907** | **9.598.197** | **0** | **0** | **0** | **0** | **10.242.907** | **9.598.197** |
| 421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.937.000 | 3.848.449 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.937.000 | 3.848.449 |
| 423 Материјали и ситен инвентар | 0 | 0 | 50.000 | 0 | 606.000 | 597.080 | 0 | 0 | 0 | 0 | 656.000 | 597.080 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 0 | 0 | 350.000 | 0 | 3.947.907 | 3.932.498 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.297.907 | 3.932.498 |
| 425 Договорни услуги | 0 | 0 | 50.000 | 0 | 902.000 | 875.071 | 0 | 0 | 0 | 0 | 952.000 | 875.071 |
| 426 Други тековни расходи | 0 | 0 | 50.000 | 0 | 350.000 | 345.099 | 0 | 0 | 0 | 0 | 400.000 | 345.099 |
| **46 СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **110.000** | **106.656** | **0** | **0** | **370.000** | **361.993** | **0** | **0** | **0** | **0** | **480.000** | **468.649** |
| 464 Разни трансфери | 110.000 | 106.656 | 0 | 0 | 370.000 | 361.993 | 0 | 0 | 0 | 0 | 480.000 | 468.649 |
| **48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **0** | **0** | **0** | **0** | **528.000** | **527.947** | **0** | **0** | **0** | **0** | **528.000** | **527.947** |
| 480 Купување на опрема и машини | 0 | 0 | 0 | 0 | 528.000 | 527.947 | 0 | 0 | 0 | 0 | 528.000 | 527.947 |

# ПОСЕБЕН ДЕЛ НА ЗАВРШНА СМЕТКА
## Ниво на: Ставка

| Категорија / Ставка / Потставка | О П И С | Буџетска сметка | | Самофинансирачка сметка | | Сметка на дотации | | Сметка на донации | | Сметка на кредити | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | Буџет | Реализ. |
| | | **69.893.162** | **35.992.343** | **500.000** | **0** | **51.105.907** | **50.780.131** | **5.023.433** | **4.962.000** | **0** | **0** | **126.522.502** | **91.734.474** |
| Q00 | ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ | 100.000 | 35.851 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 | 35.851 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **100.000** | **35.851** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **100.000** | **35.851** |
| 464 | Разни трансфери | 100.000 | 35.851 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 | 35.851 |

# ПОСЕБЕН ДЕЛ НА ЗАВРШНА СМЕТКА
## Ниво на: Ставка

| Категорија<br>Ставка<br>Потставка — О П И С | Буџетска сметка | | Самофинансирачка сметка | | Сметка на дотации | | Сметка на донации | | Сметка на кредити | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | Буџет | Реализ. |
| | **69.893.162** | **35.992.343** | **500.000** | **0** | **51.105.907** | **50.780.131** | **5.023.433** | **4.962.000** | **0** | **0** | **126.522.502** | **91.734.474** |
| X10 РОДОВА ЕДНАКВОСТ | 30.000 | 9.667 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30.000 | 9.667 |
| **42 СТОКИ И УСЛУГИ** | **30.000** | **9.667** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **30.000** | **9.667** |
| 425 Договорни услуги | 20.000 | 6.667 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 20.000 | 6.667 |
| 426 Други тековни расходи | 10.000 | 3.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.000 | 3.000 |

**Член 3**

Во посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот на Општина Зелениково за 2025 година се прикажуваат расходите по програми, потпрограми, по сметки и ставки.

**Член 4**

Општиот дел на Завршната сметка на Буџетот на Општина Зелениково за 2025 година се објавува во Службен гласник на Општина Зелениково.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ЗЕЛЕНИКОВО**
________________________
**Миле Димовски**

**Број** 10-141/1
**12.03.2026 година**
**Скопје**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02 и „Службен весник на РСМ" број 202/24), Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлука за усвојување на Годишниот финансиски извештај на Општина Зелениково за 2025 година

Се објавува Одлуката за усвојување на Годишниот финансиски извештај на Општина Зелениково за 2025 година, донесена на 8-та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 12.03.2026 година.

**Број 08-02/22** **Градоначалник**
**Датум 16.03.2026 година** **на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/2002 и Службен весник на РСМ бр.202/2024), а во согласност со член 34 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр. 61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/2011, 192/2015, 209/2018, и Службен весник на РСМ бр. 244/2019, 53/2021, 77/2021, 150/2021, 173/2022, 170/2024 и 37/2025), Советот на Општина Зелениково, на 8 – та седница, одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Годишен извештај на Општина Зелениково за 2025 година**

Член 1

Се усвојува Годишниот финансиски извештај на Општина Зелениково за 2025 година.

Годишниот финансиски извештај на Општина Зелениково за 2025 година е составен дел на оваа Одлука.

Член 2

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Зелениково.

**Број 10-141/2** **Совет на Општина Зелениково**
**Датум 12.03.2026 година** **Претседател**
**Миле Димовски с.р**

Предлагач: Градоначалник на Општина Зелениково
Г-дин Коста Маневски

Изготвувач: Одделение за финансиски прашања

# ГОДИШЕН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНА ЗЕЛЕНИКОВО ЗА 2025 ГОДИНА

Скопје, Март 2026

# Вовед

## Основни податоци за Општината

Со Законот за територијална поделба на Република Македонија (Службен Весник на РМ бр.49/96) во 1996 година е формирана Општината Зелениково.

Според последниот Попис на населението од 2021 година на територијата на Општина Зелениково живеат 3361 жители во 14 населени места и тоа: Зелениково, Таор, Орешани, Вражале, Пакошево, Ново Село, Страхојадица, Смесница, Гумалево, Добрино, Дејковец, Тисовица, Палиград и Градовци.

На околу 25 км од Скопје, во јужниот дел од Скопската котлина, по течението на реката Вардар, рамномерно по пругата која води кон Велес и на југ кон Гевгелија и Солун, се простира Општината Зелениково.



Со својот јужен дел Општината Зелениково се граничи со Општината Велес, на југоисток со Општината Чашка, на север со Општината Студеничани и на североисток со Општината Петровец.

Територијата на Општина Зелениково зафаќа површина од 175 $км^2$ или 11,8% од вкупната површина на руралната средина во Скопската Котлина, односно го зазема петтото место од осумте рурални општини.

До централната населба на Општината од Скопје се стигнува по не толку широк, но современ асфалтен пат, преполн со благи и на места опасни кривини. Целиот пат води по живописни предели преполни со зеленило, кои патувањето го прават пријатно и опуштено.

Локалната самоуправа е главниот носител на економскиот развој на општината, или поточно, како локална влада таа ги посочува економските потреби заради побрз стопански развој, привлекување на нови и зачувување на постојните бизниси, маркетинг, користење, располагање и управување со недвижен имот, креирање на локалната даночна политика во смисла на даночни олеснувања за проширувања на бизнисот, образование и обука, развој на малите претпријатија, одржување на општинската инфраструктура, или генерално речено локалниот економски развој претставува се она што општината може да го направи за подобрување на економијата и социјалната благосостојба на нејзините граѓани.

## Буџет и Одлука за извршување буџетот на Општината

Општина Зелениково 2025-та година ја започна со Буџет кој беше донесен на 62-та седница на Советот на општината одржана на ден 23.12.2024 година заедно со Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Зелениково за 2025 година и станаа оперативни (почнаа да се применуваат) од 01.01.2025 година. При неговото изготвување беше користена стандардна процедура согласно на законските прописи кои ја регулираат оваа материја. Во согласност со насоките на Буџетскиот циркулар и направените анализи, Буџетот на Општина Зелениково за 2025 година беше проектиран на износ 112.147.082,00 денари.

Во текот на 2025 година на 03.04.2025 година на 68-та седница на Советот беше донесена Одлука за Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Зелениково за 2025 година. Со оваа одлука, а согласно дописот добиен од Министерството за финансии број 08-1/517-1-2024 од 29.01.2025 година во вид на Известување, направена е корекција на износот на потставката на која се планирани средствата добиени како прилив од Министерството за транспорт – наместо како трансфери 741112, прикажани се како пренесен вишок на приходи од претходната година на 741114 – Износ 1.335.859.

Додадена е нова потставка 718134 – Надомест за управување со отпад на општината, односно Градот Скопје во износ од 92.250, а намалена е потставката 717137 – Надомест за уредување на градежно земјиште за истиот износ.

Извршено е и проширување, односно дополнување на контото 741114 што претставува пренесено салдо од претходна година од буџетската сметка во износ од 197.119 денари и сметката за наменска дотација во износ од 318.907 денари.

Согласно реализацијата на Буџетот на општината за 2025 година до 03.04.2025 година, се појави потреба од намалување односно зголемување на расходни ставки во веќе планираните програми во посебниот дел од Буџетот на општината со цел да се реализираат што повеќе проекти.

Направивме и корекција во програма ЕА – Капитални расходи на општината. Намалени се потставките 480160 за набавка на клими, како и потставката 480140 за набавка на информатичка опрема, а додадена е нова потставка за 482910 – Подготвување на проекти за други објекти во износ од 72.000 денари и потставка 483110 – Купување на канцелариски мебел во износ од 30.000 денари.

Во програма Ф1- Урбанистичко планирање намалени се износите на обезбедените средства, бидејќи урбанистичките планови сеуште се во фаза на изработка и нема да се реализираат во целост во 2025 година.

Додадовме нова програма ФД – Уредување на простор во рурални подрачја и нова потставка 482920 – Изградба на други објекти, а со цел да се аплицира и да се добијат средства за проект за регулација и уредување на речно корито во износ од 100.000 денари како сопствено учество.

Во целост го намаливме износот на средства предвидени во Програма Г2 – Поттикнување на развојот на туризмот, бидејќи проектот заврши со реализација и овие средства не беа потребни.

Во програма Ј0 – Одржување на урбана опрема како и во програма Ј6 – Одржување на локални патишта, улици и регулирање на режим на сообраќајот, извршено е намалување на средствата предвидени со првично проектираниот износ на 72.000 денари.

Во програма ЈД- Изградба и реконструкција на локални патишта и улици зголемен е износот на првично предвидените средства за 3.038.678 денари за реконструкција на локални улици на територија на Општина Зелениково.

Додадовме нова програма ЈФ – Изградба на сообраќајна сигнализација и нова потставка 480190 – Купување на друга опрема, а со цел да се обезбедат средства за набавка на сообраќајни знаци, кои се неопходни за безбедност во сообраќајот.

Додадена е нова програма ЈК – Јавна чистота (Капитални расходи), со цел да се реализира Програмата за Зајакнување на општинските совети, чија цел е да се обезбедат средства за кофинансирање во износ од 1.810.000 денари за набавка на специјализирано возило за транспорт на комунален отпад.

Во програма Џ1 – Родова еднаквост се намали износот на претходно обезбедените средства на 50.000 денари.

Имено, во програма Н10 – Основно образование се зголеми износот на потставката 423310 за набавка на униформи за учениците во ООУ Марко Цепенков – Зелениково, како и зголемување на потставката 424210 за одржување на згради.

Согласно оваа одлука за измени и дополнувања, Буџетот на Општина Зелениково за 2024 година изнесуваше 112.663.108 денари.

На 07.05.2025 година на 70-та седница на Советот беше донесена Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Зелениково за 2025 година, поточно беше направено проширување на средствата во сметката на буџет за донации. Проширувањето се направи врз основа на Договорот потпишан со УНДП и Општина Зелениково за реализација на Проектот “Набавка на специјализирано возило за собирање и транспорт на комунален отпад” во износ од 4.759.433,00 денари за имплементација на програмата за развој на Обединети нации во рамките на проектот “Зајакнување на општинските совети – фаза II”. По донесување на оваа одлука за проширување, Буџетот на општината изнесуваше 117.422.541 денари.

Согласно информацијата добиена од Министерството за финансии, а во врска со дополнување на насоките за подготовка на буџетите на единиците на локалната самоуправа за 2025, се појави потреба од коригирање на износот на дотацијата од ДДВ предвиден во Буџетот на Општината за 2025 година. За таа цел, направено е зголемување на износот на потставката 741115 – Дотации на општината од Приходи од ДДВ од 15.316.902 на 15.825.540.

Врз основа на Одлуката на Владата на РСМ донесена на 04.07.2025 година за користење на средства за капитални дотации до ЕЛС за инфраструктурни проекти од областа на транспортот на Општина Зелениково и се доделени средства за Реконструкција на улици и изградба на пешачки патеки на територија на општината во вкупен износ од 27.904.702 денари, односно 5.580.940 денари или 20% од вкупната вредност за 2025 година. За таа цел Советот на Општина Зелениково донесе и Одлука за измена на Одлуката за усвојување на План програмите за развој за 2025 година се со цел да се спроведат јавните набавки и да се избере најповолен понудувач за реализација на овие проекти.

Имено во Буџетот за 2025 година извршивме проширување на приходната потставка 741211 Капитални трансфери од други нивоа на власт за износ од 5.580.940 денари, а во расходниот дел на буџетот овие средства се распределени во 2 програми:

Програма ФД – Капитални расходи за уредување на простор во рурални подрачја која ги опфаќа следните потпрограми:

- Потпрограма ФДА – Изградба на АБ плочест пропуст при преминот преку Зелениковска река во село Зелениково – 491.970 денари;
- Потпрограма ФДБ – Изградба на пешачка патека во село Зелениково од мостот на главната улица до премин преку Зелениковска река – 421.835 денари;
- Потпрограма ФДЦ – Изградба на пешачка патека во село Орешани од Бујото до населба Јане Сандански – 994.954 денари;
- Потпрограма ФДД – Изградба на пешачка патека во село Орешани од Дом за стари лица Панада до ПОУ Марко Цепенков – 688.478 денари.

Програма ЈД Изградба и реконструкција на локални патишта, улици и мостови која ги опфаќа следните потпрограми:

- Потпрограма ЈДД – Реконструкција на дел од локална улица во Зелениково до последна автобуска постојка на 67 – 809.405 денари;
- Потпрограма ЈДЕ – Реконструкција на улица 1 во село Страхојадица – 318.878 денари;
- Потпрограма ЈДГ - Реконструкција на локална улица над последна автобуска во Станица Зелениково – 156.111 денари.
- Потпрограма ЈДХ – Реконструкција на локална улица под пруга во село Орешани – 585.675 денари;
- Потпрограма ЈДИ – Реконструкција на локална улица 2 во село Зелениково – 312.592 денари;
- Потпрограма ЈДЈ – Реконструкција на локална улица од пред влезот во селото до сред село во Ново Село – 514.982 денари;
- Потпрограма ЈДК – Реконструкција на улица кај м.в. Јурија во село Зелениково – 286.060 денари.

Исто така доделени ни се и средства во износ од 1.550.383 денари за реализација на проект за Реконструкција на дел од крак 2 од фекална канализација во село Зелениково од страна на Министерството за транспорт и врски, согласно Одлука на Владата на РСМ број 50-5542/6 од 24.06.2025 година. Овие средства се планирани на приходна потставка 741112 Трансфери од буџетот на РМ, а во расходниот дел планирани се во програма ЈИ Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води – Потпрограма ЈИА – Реконструкција на дел од крак 2 од фекална канализација во село Зелениково на истиот износ.

Согласно реализацијата на Буџетот на општината за 2025 година до 28.07.2025 година, се појави потреба од намалување односно зголемување на расходни ставки во веќе планираните програми во посебниот дел од Буџетот на општината со цел да се реализираат што повеќе проекти.

Во програма А1 – Изборни активности и референдуми ги намаливме средствата во потставка 464990 – други трансфери на износ од 300.000 денари.

Исто така во програма Д0 – Градоначалник се намалија средствата за Други договорни услуги на 450.000 денари и Други трансфери на 60.000 денари, а се изврши мала корекција во делот на предвидените средства за плати и надоместоци.

Направени се мали корекции во програма Е00 – Општинска администрација во делот на плати и надоместоци, намалена е потставка 401130 на 2.682.788 денари, потставка 401310 на 440.000 денари, потставка 404110 на 230.000 денари, а зголемена е потставката за привремени вработувања 427110 за 162.000 денари. Се изврши намалување на потставката за одржување на згради, а се дополнија две други потставки 423720 – за 40.000 денари и 424420 – за 10.000 денари.

Направивме и корекција во програма ЕА – Капитални расходи на општината. Намалена е потставката 482930 за реконструкција на други објекти за износ од 71.000 денари.

Во програма Ф1- Урбанистичко планирање намалени се износите на обезбедените средства, бидејќи урбанистичките планови сеуште се во фаза на изработка и нема да се реализираат во 2025 година.

Во целост го намаливме износот од 100.000 денари предвиден во Програма Ј8 – Други комунални услуги, потставка 464990 бидејќи овие средства нема да се искористат.

Во програма ЈД- Изградба и реконструкција на локални патишта и улици намален е износот на првично предвидените средства за надзор над изградбата за 150.000 денари.

Зголемен е износот на средства во програма ЈК – Јавна чистота (Капитални расходи) за 1.920.000 денари, за кофинансирање на Проектот за Набавка на мултифункционално возило за одржување на патна инфраструктура во Општина Зелениково.

Во програма ЈН – Урбана опрема (капитални расходи) – намалени се средствата предвидени на потставка 482920 за 14.000 денари.

Во програма К4 – Културни манифестации и творештво намалени се средствата на потставка 425990 на 60.000 денари.

Во целост го намаливме износот на потставка 464990 од 100.000 денари предвиден во Програма Л0 – Спорт и рекреација.

Во програма Н1 – основно образование – дообезбедивме средства на потставка 464990 за еднократна парична помош за првачиња.

Коригирана е и програмата Р1 – Заштита на животна средина и природа.

Во програма Џ1 – Родова еднаквост се намали износот на претходно обезбедените средства на 30.000 денари. Со сите измени кои беа направени со Оваа одлука Буџетот на општината достигна до 125.082.502 денари.

На 10.11.2025 година на 2-та седница на Советот беше донесена Одлука за измена и дополнувања на Буџетот на Општина Зелениково за 2025 година.

Согласно реализацијата на Буџетот на општината за 2025 година , се појави потреба од намалување односно зголемување на приходни ставки и расходни ставки во веќе планираните програми во посебниот дел од Буџетот на општината со цел да се реализираат што повеќе проекти.

Извршено е зголемување во износите за Даноци за имот од ставка 713, а воедно и зголемена е Потставката 718127 – Надомест кој го плаќаат операторите за инсталации за Б интегрирана еко дозвола за износ од 200.000, а намалена е потставката 733111 – Приходи од продажба на неизградено градежно земјиште во сопственост на РМ за 402.000 денари.

Направени се мали корекции во програма А00 – Совет на општина во делот на стоки и услуги.

Направена е и корекција во програма Д0 – Градоначалник, исто така во делот на стоки и услуги. Имено, во програма Д00 зголемен е и износот на потставката 464990 Други трансфери.

Во програма Е0 – Општинска администрација извршена е корекција во делот на платите и надоместоците, а исто така извршивме корекција и во делот на комуналните услуги, греење, комуникација и транспорт.

Во програма ЕА – Капитални трошоци на општина – намалена е првично планираната сума на одредени потставки во оваа програма.

Извршено е намалување на средствата предвидени за Потрошена електрична енергија за улично осветлување во програма Ј3 – Јавно осветлување од потставката 421110 Електрична енергија.

Во програма ЈД - Изградба и реконструкција на локални патишта и улици намален е износот предвидените средства во потставка 485420 бидејќи истата нема да се реализира во текот на 2025 година.

Намалени се износите предвидени во програма К4 – Културни манифестации и творештво и тоа потставките 425990 – Други договорни услуги и 426990 – Други оперативни расходи коригирани се во целост.

Се изврши и корекција во Програма Н1 – Основно образование, каде што првично обезбедените средства обезбедени од Буџетот на општината за доделување еднократна парична помош за семејствата со првачиња ги намаливме за 10.000 денари.

Во Програма Н10 Основно образование планирани се расходи поврзани со работењето на ООУ Марко Цепенков (плати и надоместоци на вработените во училиштето, тековно оперативни расходи за набавка на канцелариски и друг материјал, телефон интернет, електрична енергија и други трошоци поврзани со тековното работење на училиштето). Најголемиот дел од средствата се пренаменети се со цел да реализира проектот за реконструкција на кровот во Централното училиште ООУ Марко Цепенков – Зелениково и тоа во износ од 522.000 денари. Се направи и корекција во другите потставки предвидени во Сметката за наменска дотација.

На 10.12.2025 година на 4-та седница на Советот беше донесена Одлука за проширување на средствата на буџетот на Општина Зелениково за 2025 година.

Проширувањето на средствата во сметката на буџет за дотации беше извршено врз основа на Одлуката за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите број 08-6877/1 од 05.12.2025 година (Службен весник на РСМ бр. 246/25). Согласно Г-1 Образецот за распределба на блок дотации по општини за 2025 година, износот на потставката 741120 Блок дотации на општината по одделни намени е зголемен од 49.327.000 на 50.787.000 денари, односно за 1.460.000 денари. Истите средства се планирани и во расходниот дел во буџетот на дотации на потставките 421120 – 109.000, 421130 - 70.000, 421240 – 290.000, 421290 – 196.000, 424210 – 655.000 и 464990 – 140.000. Со ова проширување кое воедно претставуваше и последната измена, Буџетот на општината изнесуваше 126.522.502 денари.

Измените и дополнувањата беа извршени заради усогласување на приходниот и расходниот дел во основниот буџет, како и за потребите од усогласување на приходите и расходите во буџетот на дотации и донации.

Општина Зелениково во своето работење располага со 24 сметки отворени преку трезорската канцеларија – Скопје преку кои се извршуваат сите активности на општината и истите би можеле да ги поделиме во 2 групи и тоа: сметки кои директно се рефлектираат во завршната сметка на Буџетот на општината и сметки кои индиректно влијаат на завршната сметка на Буџетот на општината.

Во првата група влегуваат:

- Сметка на Буџетот со број 728014113063016 - преку која се врши евиденција на остварените приходи и приливи на основниот Буџет и преку која се следи реализацијата на расходите на основниот Буџет на општината .
- Сметка на Органот со број 728014113063711 – преку која се врши финансиското работење – реализацијата на расходите на основниот Буџет за редовно работење.
- Сметка на наменска дотација со број. 728014113093018 - преку која се евидентираат дотациите за делегирана надлежност во делот - основно образование, се одобруваат правата на трошење и се следи трошењето на средствата на единките корисници, во нашиот случај единка корисник – ОУ Марко Цепенков - Зелениково.
- Сметка на донации – проект за креирање можности за работа за сите - УНДП - со број 728014113078546 преку која се евидентираат приходите – по основ на склучениот договор со УНДП во соработка со АВРМ.
- Сметка на донации – проект за набавка на специјализирано возило за собирање и транспорт на комунален отпад - со број 728014113078565 преку која се евидентираат приходите по основ на склучениот договор со УНДП за Зајакнување на општинските совети – Фаза II.
- Сметка на самофинансирачки активности – со која располага единка корисник – ОУ Марко Цепенков - Зелениково .

Во втората група влегуваат:

- Наменска сметка со бр. 7280141130789С1 – Проект за изработка на урбанистички планови за села - која има евиденционен карактер од причина што паричните средства што се уплаќаат на оваа сметка се префрлаат на сметката на Буџетот и истите се реализираат преку сметката на органот, согласно договорот;
- Наменска сметка со бр. 7280141130789Р0 – Проект за реконструкција на локална улица број 10 – Општина Зелениково - која има евиденционен карактер од причина што паричните средства што се уплаќаат на оваа сметка се префрлаат на сметката на Буџетот и истите се реализираат преку сметката на органот, согласно договорот;
- Наменска сметка со бр. 728014113078903 – Проект за реконструкција на дел од локална улица во Зелениково до последна автобуска постојка на 67 - која има евиденционен карактер од причина што паричните средства што се уплаќаат на оваа сметка се префрлаат на сметката на Буџетот и истите се реализираат преку сметката на органот, согласно договорот;
- Наменска сметка со бр. 728014113078904 – Проект за изградба на пешачка патека во село Орешани од Бујото до населба Јане Сандански - која има евиденционен карактер од причина што паричните средства што се уплаќаат на оваа сметка се префрлаат на сметката на Буџетот и истите се реализираат преку сметката на органот, согласно договорот;
- Наменска сметка со бр. 728014113078905 – Проект за реконструкција на улица 1 во село Страхојадица - која има евиденционен карактер од причина што паричните средства што се уплаќаат на оваа сметка се префрлаат на сметката на Буџетот и истите се реализираат преку сметката на органот, согласно договорот;
- Наменска сметка со бр. 728014113078921 - ЈП за државни патишта која има евиденционен карактер од причина што паричните средства што ЈП за државни патишта ги уплаќа на оваа сметка се префрлаат на сметката на Буџетот и истите се реализираат преку сметката на органот, согласно усвоена програма за улици за тековната фискална година ;
- Наменска сметка со бр. 728014113078936 – Агенција за вработување е сметка на која што се префрлаат парични средства од АВРМ за одреден проект и истите се реализираат преку оваа сметка;
- Наменска сметка со бр. 728014113078955 – Општинска Изборна комисија - има евиденционен карактер. Средства што се префрлаат на оваа сметка од Буџетот на Општината се користат исклучиво за потребите на ОИК Зелениково за спроведување на изборниот процес.
- Преодна сметка со бр. 728014113088914 - е сметка за системот е - катастар на која се уплатуваат парични средства за користење на услугите на е – катастарот и паричните средства што се прибираат на оваа сметка се префрлаат на сметката на Буџетот и истите се реализираат преку сметката на органот од која се плаќаат фактурите на Агенцијата за катастар ;
- Наменска сметка со бр. 7280141130789О6 – Проект за реконструкција на дел од крак 2 од фекална канализација во село Зелениково - која има евиденционен карактер од причина што паричните средства што се уплаќаат на оваа сметка се префрлаат на сметката на Буџетот и истите се реализираат преку сметката на органот, согласно договорот;
- Наменска сметка со бр. 7280141130789С4 – Проект за реконструкција на локална улица од пред влезот во селото до сред село во Ново Село - која има евиденционен карактер од причина што паричните средства што се уплаќаат на оваа сметка се префрлаат на сметката на Буџетот и истите се реализираат преку сметката на органот, согласно договорот;

- Наменска сметка со бр. 7280141130789Т9 – Проект за реконструкција на улица кај м. в. Јурија во село Зелениково - која има евиденционен карактер од причина што паричните средства што се уплаќаат на оваа сметка се префрлаат на сметката на Буџетот и истите се реализираат преку сметката на органот, согласно договорот;
- Наменска сметка со бр. 7280141130789У3 – Проект за реконструкција на локална улица над последна автобуска во Станица Зелениково - која има евиденционен карактер од причина што паричните средства што се уплаќаат на оваа сметка се префрлаат на сметката на Буџетот и истите се реализираат преку сметката на органот, согласно договорот;
- Наменска сметка со бр. 7280141130789В8 – Проект за реконструкција на локална улица под пруга во село Орешани - која има евиденционен карактер од причина што паричните средства што се уплаќаат на оваа сметка се префрлаат на сметката на Буџетот и истите се реализираат преку сметката на органот, согласно договорот;
- Наменска сметка со бр. 7280141130789Њ2 – Проект за изградба на пешачка патека во с. Орешани од Дом за стари лица Панада до ПОУ Марко Цепенков - која има евиденционен карактер од причина што паричните средства што се уплаќаат на оваа сметка се префрлаат на сметката на Буџетот и истите се реализираат преку сметката на органот, согласно договорот;
- Наменска сметка со бр. 7280141130789Џ7 – Проект за изградба на пешачка патека во с. Зелениково од мостот на главната улица до премин преку Зелениковска река - која има евиденционен карактер од причина што паричните средства што се уплаќаат на оваа сметка се префрлаат на сметката на Буџетот и истите се реализираат преку сметката на органот, согласно договорот;
- Наменска сметка со бр. 7280141130789Ѕ1 – Проект за реконструкција на локална улица 2 во село Зелениково - која има евиденционен карактер од причина што паричните средства што се уплаќаат на оваа сметка се префрлаат на сметката на Буџетот и истите се реализираат преку сметката на органот, согласно договорот;
- Наменска сметка со бр. 728014113078936 – Проект за изградба на АБ плочаст пропуст при преминот преку Зелениковска река во село Зелениково - која има евиденционен карактер од причина што паричните средства што се уплаќаат на оваа сметка се префрлаат на сметката на Буџетот и истите се реализираат преку сметката на органот, согласно договорот;

Преку наведените сметки се извршуваат приходите и расходите од буџетот на Општина Зелениково .

Овластено лице за располагање на горенаведените сметки на Општина Зелениково во текот на 2025 година е Градоначалникот на Општина Зелениково.

### Функционална поставеност на општина Зелениково

Законски утврдените активности на Општина Зелениково во текот на 2025 година беа вршени со ангажирање на Советот на општина Зелениково, Градоначалникот на општина Зелениково и на општинската администрација на Општина Зелениково.
Советот ги воспостави институционалните рамки за вршење на дејностите на општина Зелениково, додека нивната оперативна реализација беше остварена од страна на Градоначалникот на општина Зелениково и на соодветните стручни служби на општината.

## Работа на Советот на општина Зелениково

Во текот на 2025 година Советот на општина Зелениково одржа 20 седници. На седниците се распраавше за бројни прашања од надлежност на општината и во тие рамки за прашања од надлежност на Советот. Советот на општина Зелениково донесе повеќе акти меѓу кои одлуки, програми, правилници, одлуки за измена и дополнување на веќе постоечките.

Исто така Советот донесе и одлуки со кои ги усвои програмите за работа на ООУ Марко Цепенков Зелениково и на ЈКП Зелениково.

Советот ги усвои основните програми од сферата на урбанистичкото планирање и уредување на просторот, комунални дејности (програма за улично осветлување, урбана опрема, одржување на јавна чистота), заштита на животната средина и природа и усвои измена и дополна на план а програмите за развој за 2025 година.

Во законскиот рок Советот на општина Зелениково ги усвои Завршната сметка за 2024 година и Годишниот извештај за 2024 година заедно со сите законски утврдени пропратни извештаи и го утврди Буџетскиот календар на општина Зелениково за 2026 година.

Сите активности во 2025 година (донесени правилници, одлуки и програми) Советот ги вршеше на своите седници, но и преку комисиите како негови работни тела. Одделните комисии зависно од потребата одржаа соодветен број на седници на кои се разгледуваа сите материјали предвидени на дневниот ред на седниците на советот, во функција на подготовка на седниците на советот на општина Зелениково.

## Работа на Градоначалникот на општина Зелениково

Во текот на 2025 година Градоначалникот на општина Зелениково ги вршеше активностите што се во негова надлежност во рамки на законите и донесените одлуки на Советот на општина Зелениково.

Покрај вообичаеното раководење со општина Зелениково првенствена задача на Градоначалникот беше да ги доврши отпочнатите активности како и реализација на инвестициско комуналните задачи утврдени со соодветните програми за 2025 година.

## Активности на општинската администрација на општина Зелениково

### Финансиски работи

Основна карактеристика на работењето на одделението за финансиски прашања е ажурното евидентирање на промените во сметководствената евиденција на општина Зелениково.

Во текот на 2025 година продолжи ревидирањето на финансиското работење во Општина Зелениково. Се водеше сметка за утврдувањето и наплатата на побарувањата настанати по разни основи пред се врз основа на локалните даноци и такси и надоместокот за уредување на градежно земјиште или т.н. комуналии, надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, закуп на деловен простор и други побарувања. Сите побарувања се евидентирани во деловните книги на општина Зелениково. Ист пристап е применет и спрема обврските на општина Зелениково. Сите преземени обврски (потврдени со валидна документација) се евидентирани во сметководствената евиденција. Обврските со комплетна документација се поделени во две категории и тоа: тековно оперативни обврски кои се однесуваат на комуналните трошоци на општината и капитални обврски за веќе отпочнати инвестиции во претходните години и во тековната.

ул.1, бр.2, Зелениково, тел.+389 2 717 238; факс. +389 2 717 238; E-mail: op_zelenikovo@yahoo.com
www.zelenikovo.gov.mk

Составен дел на овој извештај се податоците од годишната сметка на општина Зелениково за 2025 година и Извршениот попис на средствата и изворите на средствата со состојба 31.12.2025 година.

Годишната сметка на општина Зелениково за 2024 година беше усвоена од страна на советот на општината во законски утврдениот рок (најдоцна до 15 март 2025 година) и доставена до Министерството на финансии исто така во законски утврдениот рок (најдоцна до 31.03.2025 година).

Со усвојувањето на Буџетскиот календар за 2025 година и со негова доследна примена, Буџетот на општина Зелениково за 2025 година беше подготвен и донесен од страна на Советот на општина Зелениково во законски утврдениот рок (најдоцна до 31.12.2024 година).

Реализацијата на Буџетот на општина Зелениково за 2025 година беше следена преку кварталните извештаи К1, К2 и К3 за сите четири квартали од 2025 година кои навремено беа усвоени од страна на Советот на општина Зелениково, а со тоа и доставени до Министерството за финансии.

## Активности на одделенијата за урбанизам и локален економски развој, комунални работи и заштита на животната средина

Во текот на 2025 година Одделението за урбанизам и локален економски развој, комунални работи и заштита на животната средина ја координираше и спроведуваше имплементацијата на проекти одобрени од страна на повеќе институции и донатори, која во зависност од фазата на имплементација се реализираше во соработка со другите сектори и одделенија во рамките на Општина Зелениково, јавните претпријатија и јавните установи, како и Центарот за развој на Скопски плански регион. Имајќи ги во предвид роковите за имплементација на проектите и нивната динамика на спроведување, многу често истите опфаќаат временски период распределен во две последователни години, а понекогаш и повеќе, така што дел од проектите се завршени во 2025 година, дел се во фаза на имплементација и продолжуваат со свои активности и во следната 2026 година.

Во текот на 2025 година Општина Зелениково реализира бројни активности во доменот на урбанизмот, комуналните работи, заштита на животната средина, а значаен дел од активностите беа насочени кон средување и анализирање на издадената техничка документација за бесправно изградените објекти и нивно вклопување во урбанистичките планови.

Активностите во областа на урбанизмот во текот на 2025 година главно беа насочени кон подготовка за изработка на урбанистички планови за села кои беа во соодветна постапка за донесување.

Во текот на годината одделението за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина вршеше бројни активности поврзани со реализацијата на соодветните инвестициски програми. Тие првенствено се согледуваат во изработка на проектни документации за потребите на општината, реконструкција на јавно улично осветлување, поставување на урбана опрема во одделни населени места во општината, како и следење на реализацијата на повеќе капитални проекти започнати во 2024-2025 година.

## Внатрешна ревизија

Бидејќи во одделението за внатрешна ревизија во општина Зелениково нема вработено лице за извршување на законските обврски, затоа поголемиот дел од активностите од ова одделение ги извршуваше Одделението за финансиски прашања во согласност со Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.

Во насока на непречено работење, до Министерството за финансии, Сектор за јавна внатрешна финансиска контрола во првиот квартал од 2026 година Одделението за финансиски прашања ќе достави Изјава за квалитетот и состојбата на внатрешните контроли и Годишен извештај за извршени ревизии и контроли на внатрешната ревизија за 2025.

Врз основа на член 33 и 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ( Службен весник на РМ бр.61/04, 96/04, 22/07, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18) и Службен весник на РСМ 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ 202/24), член 23 од Статутот на Општина Зелениково ( Службен гласник на Општина Зелениково бр.9/2019), Советот на Општина Зелениково на 8-та седница одржана на 00.03.2026 година, усвои

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНА ЗЕЛЕНИКОВО
## ЗА 2025 ГОДИНА

**Годишниот извештај на Општина Зелениково за 2025 година го сочинуваат:**

- Завршната сметка на Буџетот на Општина Зелениково за 2025 година;
- Извештај за побарувањата и обврските на Општина Зелениково за 2025 година;
- Извештај за реализација на Блок дотациите на Општина Зелениково за 2025 година;
- Извештај за точноста и веродостојноста на годишната сметка на Општина Зелениково за 2025 година.

# ЗАВРШНА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ
# на Општина Зелениково за 2025 година

## 1.Општ дел

### Член 1

Завршната сметка на Буџетот на **Општината Зелениково** за 2025 година се состои од :

| | ПЛАНИРАНО | ОСТВАРЕНО |
|---|---|---|
| **I. ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **122.768.634** | **91.494.816** |
| Даночни приходи | 12.602.000 | 12.437.281 |
| Неданочни приходи | 763.017 | 567.644 |
| Капитални приходи | 9.978.000 | 668.968 |
| Приходи од дотации | 50.787.000 | 50.787.000 |
| Приходи од трансфери | 43.615.184 | 22.071.923 |
| Приходи од донации | 5.023.433 | 4.962.000 |
| **II. ВКУПНИ РАСХОДИ** | **125.173.122** | **90.385.094** |
| Од утврдени намени | 124.973.122 | 90.385.094 |
| Резерви | 200.000 | 0 |
| **III. СУФИЦИТ** | **-2.404.488** | **1.109.722** |
| **IV. ФИНАНСИРАЊЕ** | **2.404.488** | **-1.109.722** |
| **Прилив** | **3.753.868** | **239.658** |
| Домашни задолжувања | **0** | **0** |
| Странски заеми | **0** | **0** |
| **Депозит** | **3.753.868** | **239.658** |
| **Одлив** | **1.349.380** | **1.349.380** |
| Отплата на главница | 1.349.380 | 1.349.380 |

### Член 2

Планираните и остварените приходи и приливи по извори и видови и расходите и одливите по основни намени се искажуваат во Билансите на приходите и расходите на Завршната сметка на Буџетот на Општина Зелениково за 2025 година.

**Член 3**

Во Посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот на Општина Зелениково за 2025 година се прикажуваат расходите по програми, потпрограми по сметки и ставки.

**Член 4**

Општиот дел на Завршната сметка на Буџетот на Општина Зелениково за 2025 година се објавува во Службен гласник на Општина Зелениково.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ЗЕЛЕНИКОВО**
**МИЛЕ ДИМОВСКИ**

**Бр.**
**12.03.2026 година**
**Скопје**

# ОБРАЗЛОЖЕНИЈА КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ И ИЗВЕШТАЈ ЗА ИНВЕСТИЦИОНИТЕ ПРОГРАМИ

## 1. СТРУКТУРА НА ПРИХОДИ НА КОНСОЛИДИРАН БУЏЕТ




Извршувањето на приходите на консолидираниот Биланс на приходи на Буџетот на Општина Зелениково за 2025 година е во износ од 91.741.343,00 денари, што претставува извршување на приходите од 72,50% од проектираните во Буџетот 126.522.502,00 денари.

**Табела бр.1: Учество на приходите по сметки во вкупните реализирани приходи на буџетот на Општина Зелениково за 2025 година:**

| | | План | Реализација |
|---|---|---|---|
| | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **126.522.502** | **91.741.343** |
| 71 | **Даночни приходи** | **12.602.000** | **12.437.281** |
| 72 | **Неданочни приходи** | **763.017** | **567.644** |
| 73 | **Капитални приходи** | **9.978.000** | **668.968** |
| 74 | **Трансфери и донации** | **103.179.485** | **78.067.450** |

## 2. СТРУКТУРА НА ПРИХОДИ НА ОСНОВЕН БУЏЕТ




Извршувањето на приходите на основниот Буџет е во износ од 35.992.343,00 денари што претставува 51,49% од вкупно проектираните 69.893.162,00 денари. Учеството на приходите на Основниот Буџет во вкупните приходи на консолидираниот Биланс на приходи на Буџетот на Општината изнесуваат 39,23%.

Даночните приходи учествуваат со 12.437.281,00 денари или 98,69% од планираните 12.602.000,00 денари. Во однос на вкупно реализираните приходи на Основниот Буџет овие приходи учествуваат со 34,55%.

Неданочните приходи учествуваат со 567.644,00 денари што изнесува 74,39% од планираните 763.017,00 ден. Во однос на вкупно реализираните приходи на Основниот буџет тие учествуваат со 1,57 %.

Капиталните приходи учествуваат со 668.968,00 денари што изнесува 6,70% од планираните 9.978.000,00 денари.

Трансферите и донациите учествуваат со 22.318.450,00 денари што изнесува 47,84% од планираните 46.648.162,00 денари во Буџетот за 2025 година.

**Табела бр.2: На сметката основен буџет на Општина Зелениково за 2025 година, планирани се и реализирани следните приходи:**

| ВКУПНИ ПРИХОДИ | | План | Реализација |
|---|---|---|---|
| | | **38.956.864** | **32.736.460** |
| **71** | **Даночни приходи** | **12.602.000** | **12.437.281** |
| **711** | Данок од доход, добивка и капитални добивки | 2.450.000 | 2.598.976 |
| **713** | Даноци на имот | 3.222.000 | 3.568.267 |
| **717** | Даноци на специфични услуги | 5.637.750 | 4.968.221 |
| **718** | Такси на користење или дозволи за вршење на дејност | 1.292.250 | 1.301.817 |
| **72** | **Неданочни приходи** | **763.017** | **567.644** |
| **722** | Глоби, судски и административни такси | 90.000 | 83.450 |
| **723** | Такси и надоместоци | 503.017 | 327.780 |
| **725** | Други неданочни приходи | 170.000 | 156.414 |
| **73** | **Капитални приходи** | **9.978.000** | **668.968** |
| **733** | Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 9.978.000 | 668.968 |
| **74** | **Трансфери и донации** | **46.648.162** | **22.318.450** |
| **741** | Трансфери од други нивоа на власт | 46.648.162 | 22.318.450 |

**Даночни приходи**

Даночните приходи претставуваат наплатени износи и тоа по следните основи:

- Даноци на доход
- Даноци на имот
- Даноци на специфични услуги
- Такси на користење или дозволи за вршење на дејност

| Опис | План 2025 година | Реализација 2025 година |
|---|---|---|
| Даноци на доход | 2.450.000 | 2.598.976 |
| Данок на имот од физички лица | 1.090.000 | 1.261.562 |
| Данок на имот од правни лица | 772.000 | 876.598 |
| Данок на наследство и подарок | 360.000 | 351.317 |
| Данок на промет на недвижности | 1.000.000 | 1.078.790 |
| Комунална такса за истакнување на фирма | 400.000 | 264.000 |
| Комунална такса за одржување на јавно светло | 4.000.000 | 3.604.921 |
| Комунална такса за регистрација на моторни возила | 500.000 | 402.165 |
| Надоместок за уредување на градежно земјиште | 737.750 | 697.135 |
| Надомест кој го плаќаат операторите на инсталации со Б интегрирана еколошка дозвола | 1.200.000 | 1.209.567 |
| Надомест за управување со отпад на општината односно градот Скопје | 92.250 | 92.250 |
| | **12.602.000** | **12.437.281** |

Согласно со одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и поодделните законски и подзаконски прописи (Закон за даноците на имот, Закон за комуналните такси) се остваруваат даночните приходи по основ на:

- Персонален данок од доход кој опфаќа даноци од плати од лица вработени кај буџетски корисници, трговски друштва, јавни претпријатија, данок на плати остварени во странство, како и данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност, данок на пензии;

- Данок на имот кој опфаќа данок на имот на физички и правни лица, данок на наследство и подарок, данок на промет на недвижности;

- Даноци на специфични услуги кои опфаќаат комунална такса за истакнување на фирма односно назив на деловна просторија, комунална такса за користење на улици со патнички, товарни, моторни возила, автобуси, специјални возила и мотоцикли што се плаќа при регистрација на возилата, комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување, надомест за уредување на градежно земјиште, надомест кој го плаќаат операторите на инсталациите со Б интегрирана еколошка дозвола на општината и други комунални такси и надоместоци;

- Надомест за управување со отпад на општината, односно градот Скопје.

## Неданочни приходи

Неданочните приходи претставуваат наплатени износи, и тоа по следните основи:

- Административни такси кои се плаќаат за списите и дејствијата кај органите на општината;
- Закуп од објекти;
- Останати неданочни приходи

| Опис | План 2025 година | Реализација 2025 година |
|---|---|---|
| Административни такси кои се плаќаат за списите и дејствијата кај органите на општината | 90.000 | 83.450 |
| Закупнина од објекти | 405.000 | 327.780 |
| Други неданочни приходи | 170.000 | 156.414 |
| | **665.000** | **567.644** |

Општина Зелениково остварува неданочни приходи по основ на:

- Административни такси кои се плаќаат на барање на правните и физичките лица кои живеат и работат на територија на Општина Зелениково за добивање на одредени услуги од општината како: извод од урбанистички план, легализација на бесправно изградени објекти, одобрение за градење, за заверка на документација и други услуги ;
- Закупнина од објекти – односно киријата што ја плаќа Гранд Пром Зур и Аптеката Зегин Фарм согласно договор;
- Останати неданочни приходи;
- Приходи од наплатени пенали, награди и слично.

## Капитални приходи

Општина Зелениково остварува капитални приходи по основ на:

- Приходи од продажба на неизградено градежно земјиште во сопственост на државата;
- Приходи од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата;
- Надомест за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти утврден во Заклучоците за плаќање на надоместокот согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти;

| Опис | План 2025 година | Реализација 2025 година |
|---|---|---|
| Приходи од продажба на неизградено градежно земјиште во сопственост на РМ | 9.278.000 | 386.640 |
| Приходи од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата | 400.000 | 169.356 |
| Надомест за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти. | 300.000 | 112.972 |
| | | |
| | **9.978.000** | **668.968** |
| | | |

**Трансфери и донации**

| Опис | План 2025 година | Реализација 2025 година |
|---|---|---|
| Тековни трансфери од други нивоа на власт | 22.177 | 29.610 |
| Трансфери од буџетот на РМ | 1.550.383 | 214.524 |
| Трансфери од буџетите на фондовите | 7.041.278 | 2.046.278 |
| Дотации од приходи од ДДВ | 15.825.540 | 15.825.543 |
| Капитални трансфери од други нивоа на власт | 19.175.806 | 3.955.968 |
| Пренесен вишок на приходи од претходна година | 3.032.978 | 246.527 |
| | **46.648.162** | **22.318.450** |

Трансферите и дотациите се остварени во вкупен износ од **22.318.450** денари од следните видови на приходи:

- Тековни трансфери од други нивоа на власт – Средства префрлени од сметката на Е-кат шалтер на Буџет со да се подмират обврските спрема Агенцијата за катастар на недвижности **29.610,00** денари.

- Трансфери од буџетот на РМ – **214.524,00 денари** (Средства добиени од Министерство за транспорт за Реконструкција на дел од крак 2 од фекална канализација во село Зелениково – 214.524,00);

- Трансфери од буџетите на фондовите – **2.046.278 денари** (Средства добиени од ЈП за државни патишта и искористени согласно програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици за 2025 година).

- Дотации од приходи од ДДВ **15.825.543,00** денари;

- Пренесен вишок на приходи од претходната година – **246.527,00** денари.

## 3. РАСХОДИ

Извршувањето на расходите на консолидираниот биланс на расходи на Буџетот на Општина Зелениково за 2025 година, е во износ од 91.734.474,00 денари, што претставува 72,50% од проектираните 126.522.502,00 денари.




**Расходи на Основен Буџет**

Извршувањето на расходите на Основниот буџет е во износ од 35.992.343,00 денари што претставува 51,50 % од планираните 69.893.162,00 денари.




## Тековни расходи

## Плати и надоместоци

Средствата за плати, наемнини и надоместоци се реализирани во Буџетот на Општина Зелениково, согласно одредбите од Законот за буџетите и другите законски и подзаконски прописи од областа на платите (Закон за исплата на платите во Р.М., Закон за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Р.М. и другите избрани и именувани лица во Републиката, Закон за административните службеници, Закон за работните односи, Колективен договор итн.) и тоа по следните основи:

- Основни плати;
- Придонеси од плати и персонален данок;
- Други надоместоци

| Опис | План 2025 година | Реализација 2025 |
|---|---|---|
| Основни плати | 7.782.788 | 5.616.033 |
| Придонеси за социјално осигурување | 2.699.000 | 2.367.524 |
| Надоместоци | 2.313.000 | 2.162.848 |
| ПДД | 843.000 | 707.412 |
| | **13.637.788** | **10.853.817** |

- Од ставката Основни плати согласно законските прописи се исплатени плати за вработените лица во општината и тоа:
  - Плати за функционери 1.103.519 денари;
  - Плати за државни службеници 3.081.364 денари и
  - Плати за вработени кои немаат статус на државни службеници 1.431.150 денари.

- Од ставката Придонеси за социјално осигурување се исплатени придонеси од плати (ПИО, здравствено осигурување, придонес за вработување и персонален данок на плати) и персонален данок на исплатен надоместок на советници.

- Од ставката Надоместоци се исплатени надоместоци за Советници за присуство на седници, како и надоместоци за вработените во администрацијата и Градоначалникот.

## Стоки и услуги

Оваа позиција е проценета во висина на остварените/извршените износи во Буџетот на Општина Зелениково, и тоа по следните основи:

- **Комунални услуги, кои опфаќаат:**
  - Трошоци за електрична енергија - 1.575.995 денари.
    - за општинска зграда – 38.657 денари
    - улично осветлување – 1.537.338 денари
  - Пошта – 32.682 денари.
  - Горива и масла – 450.000 денари.
  - Регистрација на моторни возила – 29.022 денари.
  - Телефон – 164.775 денари.
  - Транспорт на луѓе – 24.950 денари

- **Материјали и ситен инвентар, кои опфаќаат:**
  - Дневен печат и стручни материјали од учество на семинари и работилници на вработени од општинската администрација - 31.900 денари.
  - Прехранбени продукти и пијалаци – 72.945 денари.
  - Средства за одржување хигиена – 5.045 денари.
  - Материјали за разни поправки – 42.000 денари.
  - Други материјали – 781.031 денари.
    - Материјали за новогодишно украсување – 15.000 денари.
    - Кабел со фасонка – 13.520 денари.

- Материјали за улично осветлување – 752.511 денари.

- **Поправки и тековно одржување, кои опфаќаат:**
  - Поправки и сервисирање на возила – 28.420 денари.
  - Поправки на други возила – 68.978 денари.
  - Одржување на други градби – 70.800 денари.
  - Поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема - 86.140 денари;
  - Поправка и одржување на друга опрема – 352.000 денари.
    - одржување на улично осветлување – 352.000 денари.

- **Договорни услуги, кои опфаќаат**:
  - Изнајмување на друга опрема и опрема за специјални намени – 32.510 денари ( Ден на општина мај 2025)
  - Расходи за осигурување на недвижност и права – 15.458 денари
  - Расходи за осигурување на моторни возила – 55.832 денари
  - Расходи за правни услуги (ангажиран адвокат по договор за адвокатски услуги за застапување на општината и давање на правна помош) – 245.256 денари.
  - Консултантски услуги – 257.552 денари.
    - Геодетски услуги – 115.036 денари;
    - Изработка на мислење за проектираниот степен на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита за проект за изградба на нова детска градинка – 25.843 денари;
    - Изработка на мислење за проектираниот степен на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита за проект за реконструкција на амбуланта – 23.483 денари;
    - Изработка на мислење за проектираниот степен на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита за проект за АБ плочаст попуст при премин преку Зелениковска река – 8.850 денари;
    - Извештај од извршен увид и оцена на стабилност на конструкцијата на објект Амбуланта – 13.540 денари;
    - Проценка на недвижен имот – 70.800 денари.
  - Други договорни услуги – 442.001 денари.
    - исплати на лица ангажирани по договори преку ОКР - 66.000 денари.
    - исплати на лица ангажирани по договори за изработка на урбанистички планови – 17.778 денари.
    - исплата на лице ангажирано по договор за одржување на форумски сесии (Модератор) – 60.000 денари.
    - исплата на лица ангажирани по договор за одржување на јавно зеленило на територија на општина Зелениково – 86.000 денари.
    - исплата на лице ангажирано по договор за Stand up комедија – 66.667 денари.
    - исплата на лице ангажирано по договор за расчистување на речни корита и суводолици – 111.111 денари.
    - Исплата на лице ангажирано за подготовка на материјали за анализа и консултирање за аплицирање на проекти од домашни и странски инвеститори и донатори – 27.778 денари

- Исплата на лице ангажирано по договор за одржана трибина за женско здравје по повод празникот 8ми Март - 6.667 денари.

- **Други тековни расходи, кои опфаќаат:**
    - Членарини во домашни организации – 10.083 денари
    - Репрезентација (прехранбени продукти и пијалаци и угостителски услуги по разни основи) - 179.906 денари
      - Градоначалник (ваучер за Водици, кетеринг за ден на општина, угостителски услуги, цвеќе за 8ми Март) – 76.356 денари.
      - Совет (угостителски услуги, прехранбени продукти и пијалаци по повод празникот Водици, кетеринг за ден на општина) – 103.550 денари.
    - Објавување на огласи - 161.118 денари.
    - Други оперативни расходи (расходи кои што не можат да се распоредат во ниту една од горенаведените групи, а се дел од тековното работење) – 158.471 денари.

- **Привремени вработувања, кои опфаќаат:**
    - Привремени вработувања – 2.335.859 денари.

## Резерви и недефинирани расходи

### Извештај за користењето на финансиските средства од тековните резерви

За непланираните или помалку планирани расходи во буџетот на Општината може да се планира Буџетска резерва најмногу до 3% од вкупните тековни расходи на Буџетот, кои средства се наменети за покривање на расходи во случај на виша сила, елементарни непогоди и други непредвидливи случаеви.

Врз основа на законска обврска предвидена со Закон за финансирање на Единиците на Локалната самоуправа, се предвидени во група 41 – резерви и недефинирани расходи во износ од 200.000,00 денари, во програма А0 на група во ставката 412 - постојана резерва (непредвидливи расходи), конто 412110 - постојана резерва (непредвидливи расходи) 100.000,00 денари, и во програма Д00- Градоначалник, на ставка 413-тековни резерви (разновидни расходи), на потставка 413110 - тековни резерви (разновидни расходи) 100.000,00 денари.

Бидејќи тие се средства со строга наменска употреба и истите не смее да се користат за извршување на редовни т.е. тековни активности во текот на 2025 година.

## Каматни плаќања

Оваа позиција е проценета во висина на остварените/извршените износи во Буџетот на Општина Зелениково, по основ на пресметани камати кон домашни кредитори во износ од 417.282 денари.

## Субвенции и трансфери

Оваа позиција е проценета во висина на остварените/извршените износи во Буџетот на Општина Зелениково, и тоа по следните основи:

- **Субвенции – 481.440 денари, кои опфаќаат:**
  - Субвенции за јавни комунални претпријатија – ЈКП Зелениково – 300.000 денари и
  - Субвенции за други институции - ЈСП – 181.440 денари.

- **Трансфери до невладини организации – 100.000 денари, кои опфаќаат:**
  - Трансфери до спортски клубови – средства исплатени на **ФК Зелениково** – 100.000 денари.

- **Разни трансфери – 1.144.604, кои опфаќаат:**
  - Трансфери при пензионирање – Исплатени отпремнини при заминување на две лица во пензија од ООУ Марко Цепенков – 172.212 денари.
  - Други трансфери – 972.392 денари
    - Ваучер за првенец на генерација – 10.000 денари;
    - Принтер за потребите на градинка Зеленика – 6.299 денари;
    - Јубилејна награда за 20 години – 75.586 денари;
    - Финансиска поддршка на школа за млади лидери Иванов – 60.000 денари;
    - Финансиска поддршка на фолклорен ансамбл Етно Суница – 100.000 денари
    - Еднократна парична помош за семејствата со прваче по Одлука на совет – 106.656 денари.
    - Трансфер до ОИК за исплата на лица ангажирани за спроведување на локални избори 2025 година – 578.000 денари
    - Набавка на хидрант – 35.851 денари.

## Социјални бенефиции

Оваа позиција е проценета во висина на остварените/извршените износи во Буџетот на Општина Зелениково, по основ на исплатени средства за социјални надоместоци, односно Помош за новороденчиња во износ – 222.239 денари и еднократна парична помош за лекување – 66.000 денари, врз основа на донесени Одлуки од Советот на општината.

| Опис | План 2025 година | Реализација 2025 година |
|---|---|---|
| Комунални услуги | 3.762.000 | 2.277.224 |
| Материјали и ситен инвентар | 1.434.000 | 932.921 |
| Поправки и тековно одржување | 1.760.000 | 606.338 |
| Договорни услуги | 1.372.000 | 1.048.609 |
| Привремени вработувања | 2.584.177 | 2.335.859 |
| Други тековни расходи | 792.000 | 509.578 |
| Субвенции и трансфери | 2.852.212 | 1.726.044 |
| Каматни плаќања | 450.000 | 417.282 |
| Социјални бенефиции | 300.000 | 288.239 |
| | **15.306.389** | **10.142.094** |

## Капитални расходи за инвестициони проекти

Капиталните расходи се остварени средства од Буџетот на Општина Зелениково во вкупен износ од **13.647.052** денари, и тоа по следните основи:

- **Купување на опрема и машини – 50.199** денари;
  - Купување на друга опрема – 50.199 денари
    - Набавка на надворешен Хард диск за потребите на општината – 2.999 денари.
    - Набавка и поставување на сообраќајна сигнализација – 47.200 денари.
- **Други градежни објекти - 10.605.217** денари

  - **Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на улици, патишта и автопати – 511.707** денари.
    - Основен проект за пешачка патека од Панада до ООУ Марко Цепенков Орешани дел 2 – 270.279 денари;
    - Основен проект за изградба на одводен канал од главна улица во Пакошево до Вардар – 87.615 денари;
    - Основен проект за изградба на локална улица во Зелениково од пред гробишта до премин преку Зелениковска река – 107.793 денари;
    - Основен проект за изградба на плочаст пропуст преку Зелениковска река – 46.020 денари.

  - **Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на други објекти** – 63.310 денари
    - Основен проект за реконструкција на постоечки објект амбуланта – 39.710 денари;
    - Ревизија на проект за објект амбуланта - 23.600 денари

- **Реконструкција на улици, патишта и автопати – 7.734.009** денари.

- Исплата по договор со Емрах Интертранс ДООЕЛ за Реконструкција на главна улица во Зелениково до последна автобуска постојка – 818.129 денари;
- Исплата по договор со Емрах Интертранс ДООЕЛ за Реконструкција на крак 2 од локална улица 27 во Зелениково - 493.205 денари;
- Исплата по Договор со Емрах Интертранс ДООЕЛ за Реконструкција на крак 1 од локална улица 27 во Зелениково - 697.189 денари;
- Исплата по Договор со Емрах Интертранс ДООЕЛ за Реконструкција на краци во Пакошево – 1.654.250 денари;
- - Исплата по Договор со Емрах Интертранс ДООЕЛ за Реконструкција на локална улица 23 – Прелози во Зелениково– 3.437.951 денари;
- Исплата по Договор со Емрах Интертранс ДООЕЛ за Тампонирање на локални улици и патишта 2025 - 500.000 денари;
- Исплата по Договор со Емрах Интертранс ДООЕЛ за Реконструкција на локална улица над последна автобуска - 133.285 денари;

- **Реконструкција на пречистителни станици и колектори –** 1.656.891 денари**.**
  - Исплата по договор со Коп Инженеринг ДООЕЛ за Реконструкција на дел од крак 2 од фекална канализација во Зелениково – 1.656.891 денари.

- **Изградба на други објекти –** 585.433 денари

  - Исплата по договор со Метал Тел ДООЕЛ за Изградба на детско игралиште во Зелениково – 585.433 денари.

- **Надзор над изградбата** – 53.867 денари

  - Надзор над набавка на материјали и одржување на мрежата за улично осветлување на територија на Општина Зелениково – 7.275 денари;

  - Надзор над реализација на проект за подобрување на туристичката сигнализација и инфраструктура во скопски плански регион преку поставување туристичка сигнализација и урбана опрема со улично осветлување на археолошки локалитет Градиште, село Таор – 46.591 денари.

- **Купување на возила 2.991.636 денари.**

  - Набавка на ровокопач Хидромек по пат на финансиски лизинг од Шпаркасе лизинг – 918.363 денари.
  - Набавка на специјализирано возило за собирање и транспорт на комунален отпад – 1.773.273 денари;
  - Набавка на мултифункционално возило за потребите на општина Зелениково – 300.000 денари.

## Отплата на главница

Отплатата на главнината до други нивоа на власт се однесува на Договорот за Под-заем бр.27 склучен помеѓу Министерство за финансии и Општина Зелениково, а во врска со реализација на Проектот за Реконструкција на локален пат с. Зелениково – с. Страхојадица.

- **Отплата на главница – 1.349.859 денари**

ул.1, бр.2, Зелениково, тел.+389 2 717 238; факс. +389 2 717 238; E-mail: op_zelenikovo@yahoo.com
www.zelenikovo.gov.mk

# ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ПОБАРУВАЊАТА И ОБВРСКИТЕ НА ОПШТИНА ЗЕЛЕНИКОВО ЗА 2025 ГОДИНА

### Општи напомени

Во текот на 2025 година Општина Зелениково ја продолжи активноста околу утврдувањето на износот на нејзините побарувања од одделните субјекти, како и на нејзините обврски спрема доверителите по разни основи, настанати во тековната година.

Со користење на расположливата документација, Одделението за финансиски прашања при Општина Зелениково ги евидентира и ажурира тековните побарувања и обврски на општината создавани во претходните и во минатата година, врз основа на веродостојни и вистинити сметководствени документи.

Притоа, за секој вид на побарување Општина Зелениково води посебна книговодствена аналитичка евиденција, за секој комитент одделно.

Сите констатирани побарувања и обврски на Општина Зелениково заклучно со 31.12.2025 година се наведени во Годишната сметка, во овој Извештај и во другите извештаи кои претставуваат составен дел на Годишниот извештај за работата на Општина Зелениково во 2025 година.

### Побарувања на Општина Зелениково заклучно со 31.12.2025 година

Во текот на 2025 година беа прокнижени и потврдени побарувања по повеќе основи, побарувања од закупнини, побарувања од данок на имот, данок на наследство и подарок, данок на промет на недвижност, комунална такса за истакната фирма и други кои имаат учество во приходите на што ги остварува Општина Зелениково. Од анализата на одделните побарувања, може да се констатира дека вкупно книжените и наплатени побарувања на Општина Зелениково во 2025 година се следните:

| Опис на побарување | Долговен износ |
|---|---|
| Побарувања од данок на имот | 2.263.557 |
| Побарувања од данок на промет | 557.395 |
| Побарувања од данок на наследство и подарок | -10.161 |
| Комунална такса за истакнување на фирма | 4.296.555 |
| Побарувања од закупнини | 86.762 |
| Вкупно побарувања | 7.194.408 |

Побарувањата за данок на имот од физички и правни лица, за данок на наследство и подарок, данок на промет на недвижност и комунална такса за истакната фирма се прокнижени побарувања на крајот од 2025 година, според евиденцијата од Одделението за администрирање на приходи, кое врши задолжување и наплата на овие видови на приходи, а согласно Законот за данок на имот и Законот за комунални такси.

Одделението за администрирање на приходи ги евидентира даночните обврзници и издава Решенија кои ги евидентира во даночниот програм.

Одделението за финансиски прашања констатира одредена разлика во сметководствената евиденција на побарувањата по сите основи и предложи на Одделението за администрирање на приходи да се изврши усогласување со фактичката состојба по претходно доставениот Извештај од пописната комисија.

Побарувањата од закупнини се однесуваат на побарувања од издаден деловен простор во владение на Општина Зелениково.

**Обврски на Општина Зелениково заклучно со 31.12.2025 година**

Во текот на 2025 година, со користење на веродостојната расположлива сметководствена документација, во сметководството на Општина Зелениково беа евидентирани неплатени обврски по фактури и времени ситуации спрема разни доверители за извршени инвестициски активности од минати години и од 2025 година.

Од анализата на одделните обврски по таа основа, може да се констатира дека вкупно книжените и неплатени обврски на Општина Зелениково во 2025 година биле како што следи:

| Конто | Опис на обврска | Долговен износ |
|---|---|---|
| 220 | Добавувачи во земјата | 19.433.810 |
| 246 | Обврски за исплата на надомест на советници и Договори за повремено вршење на услуги | 170.456 |
| 281-285 | Обврски за плати и придонеси од плати | 694.896 |
| | | |
| | Вкупно обврски | 20.299.162 |

Бруто евидентираните неплатени обврски на Општина Зелениково за 2025 година во износ од 20.299.162 денари се групирани во два вида обврски и тоа краткорочни и долгорочни.

Во групата на краткорочни обврски отпаѓаат обврските по основ на пресметана бруто плата на вработените во Општина Зелениково за месец Декември 2025 година во износ од 694.896 денари, пресметан надомест за Советот на Општината за месец декември 2025 година и пресметан персонален данок во износ од 170.456 денари.

Поголемиот дел од овие обврски се однесуваат на тековно – оперативни обврски за редовно работење на општината и општинската администрација, како и обврски настанати од реализација на капитални проекти настанати во последните месеци од годината.

Детален приказ на обврските по добавувачи на Општина Зелениково за 2025 година е даден во прилогот кој следи:

Прилог: Финансиска картица од конто 220 – Обврски спрема добавувачи во земјата

# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА БЛОК ДОТАЦИИТЕ НА ОПШТИНА ЗЕЛЕНИКОВО ВО 2025 ГОДИНА

Во основните надлежности на Општина Зелениково е финансирањето на општинските буџетски корисници кои работат на нејзиното подрачје. Законот за локалната самоуправа ја овластува Општина Зелениково да го организира основното образование.
Дотациите, покрај средствата наменети за финансирање на тековно - оперативните активности, содржат и средства за финансирање на платите на вработените кај буџетските корисници.

Износите и намените за финансирање на тековно – оперативните активности, односно блок дотациите се регулирани со соодветни Уредби на Владата на Република Македонија и тоа:

- Уредба за Методологија за утврдување на критериумите за распределба на блок дотациите за основното образование – Основни училишта по општини за 2025 година.

Во текот на 2025 година Општина Зелениково првично доби блок дотации од Буџетот на РМ во вкупен износ од 49.327.000 денари за ООУ Марко Цепенков – Зелениково, но во текот на 2025 година беше донесена Одлука за проширување на средствата на буџетот на општина Зелениково. Проширувањето на средствата во сметката на буџет за дотации беше извршено врз основа на Одлуката за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите број 08-6877/1 од 05.12.2025 година (Службен весник на РСМ бр. 246/25). Согласно Г-1 Образецот за распределба на блок дотации по општини за 2025 година, износот на потставката 741120 Блок дотации на општината по одделни намени е зголемен од 49.327.000 на 50.787.000 денари, односно за 1.460.000 денари.

Во текот на 2025 година ООУ Марко Цепенков не го искористи делот од пренесеното салдо од изминати години во износ од 318.907 денар, а износот од 6.869 денари треба да се врати во централниот буџет.

Соодветните износи и распределбата на блок дотациите по надлежност се содржани во Буџетот на Општина Зелениково за 2025 година, како негов составен дел.

Во таа насока, ОУ Марко Цепенков го реализира својот финансиски план за 2025 година, во деталниот приказ како што следи:

**ОУ Марко Цепенков - Зелениково**

| Ставка | Опис | Реализација 2025 |
|---|---|---|
| | **Вкупно расходи** | **50.780.131** |
| 401 | Основни плати и надоместоци | 28.507.688 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување од работодавачите | 11.054.358 |
| 404 | Надоместоци | 729.948 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 3.848.449 |
| 423 | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | 597.080 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 3.932.498 |
| 425 | Договорни услуги | 875.071 |
| 426 | Други тековни расходи | 345.099 |

| | | |
|---|---|---|
| 464 | Разни трансфери | 361.993 |
| 480 | Купување на опрема и машини | 527.947 |

# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ТОЧНОСТА И ВЕРОДОСТОЈНОСТА НА ГОДИШНАТА СМЕТКА НА ОПШТИНА ЗЕЛЕНИКОВО ЗА 2025 ГОДИНА

**Точност и веродостојност на годишната сметка на Општина Зелениково за 2025 година**

## Општи услови на работење

Евидентирањето на промените во сметководството на Општина Зелениково во текот на 2025 година се вршеше во потполно исти услови во однос на тие што важеле во претходната година.

Во текот на 2025 година, одделението за финансиски прашања работеше паралелно кон отстранување на заостанатите ограничувачки фактори во нејзиното работење и истовремено кон своите редовни активности.

Софтверот со кој што се средува сметководствената евиденција овозможи прецизно, точно и навремено заведување на сметководствената документација и го олесни пристапот до сметководствените податоци, како и следењето и реализацијата на Буџетот на Општината.

Во 2025 година беше водена книговодствена евиденција на сите очекувани побарувања врз основа на закуп на деловен простор, данок на имот, комунална такса за истакнување на фирма и по други основи, а во согласност со соодветните издадени налози/пресметки. Нивната наплата секојдневно беше ажурирана во Одделението за администрирање на приходи и во Одделението за финансиски прашања.

За неспорните обврски, потврдени со веродостојни и вистинити финансиски документи, воведена е аналитичка евиденција. Општина Зелениково во текот на 2025 година редовно и навремено ги подмируваше своите обврски. Во текот на годината Општина Зелениково плаќаше обврски кои се однесуваат на проекти кои што беа изведувани на територија на Општина Зелениково. Значајно е да се обележи дека пред плаќањето на било која преземена обврска на Општина Зелениково спрема нејзините доверители, се вршеше детална проверка на документите, од аспект на тоа дали ја содржат целокупната документација и дали истата е составена согласно важечките законски прописи.

Во случаите каде што ќе се констатираа обврски што во моментот на проверката беа со нецелосна односно недоволна финансиска документација, стручните служби ги контактираа изведувачите/добавувачите за докомплетирање на истата, по што исправната и комплетна документација се книжеше и се плаќаше.

## Примена на сметководствените принципи, стандарди и начела

Воспоставената дневна ажурност во книжењето на тековните приходи и на новосоздадените обврски од тековната година во целост беше задржана и спроведувана во текот на 2025 година. Со цел запазување на сметководственото начело на парично искажување, евидентирани се сите приходи и расходи настанати во 2025 година.

Финансиските документи на побарувањата и обврските се евидентираа во главната книга на денот на нивното настанување, а долгорочните и краткорочните средства во билансните позиции се искажани според нивната набавна вредност.

Во текот на работењето во 2025 година, Одделението за финансиски прашања редовно ги применуваше соодветните законски одредби и сметководствените правила и принципи. Евидентирањето на документите и на соодветните книговодствени промени во

текот на 2025 година во целост се вршеше во согласност со одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и на соодветните подзаконски акти.

Тоа значи дека сметководството на Општина Зелениково во 2025 година се водеше во согласност со начинот и стандардите што ги предвидува Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и прописите што од него произлегуваат.

Во сметководството на Општина Зелениково редовно се водеа деловните книги што ги наложува законот. Нивното отворање, затварање и чување се вршеше во согласност со законските насоки. Сметките во главната книга се распоредуваа со примена на основните сметки од сметковниот план.

Признавањето на приходите и на расходите се спроведување според сметковоственото начело на парично искажување, односно се признаваа и се евидентираа во сметководствениот период во кој настанале, според критериумите на мерливост и расположливост. Во однос на расходите на Општина Зелениково тоа начело значи дека тие се признаваа во пресметковниот период во кој се вршеше обврската за плаќање.

Општина Зелениково водеше посебно сметководство за средствата од буџетот и за другите приходи, а според распоредот на сметките од сметковниот план. Притоа во сметководството се обезбедени податоци поединечно по сите видови на приходи и на други приливи, за расходите и други видови одливи, како и за состојбата на средствата, обврските и изворите на средствата. Сметките беа распоредени во главната книга со примена на основните сметки пропишани со сметковниот план, Во текот на годината Општина Зелениково ги водеше само тие сметки на кои е појавија промени и трансакции.

Целокупното книжење се вршеше електронски со примена на сметководствен софтвер.

Сметководствените промени непречено и навремено се евидентираа во соодветните сметководствени документи: дневник, главна книга и помошни книги ( книга на влезни фактури, книга на излезни фактури, книга на набавки, книги на инвентарот и на капиталниот имот на Општина Зелениково, книга на благајната, книга на побарувањата и обврските и книга на изводи на сметката на Општина Зелениково.

Годишната сметка на Општина Зелениково е изготвена во согласност со класификацијата на приходите и класификацијата на расходите што се донесени од министерот за финансии. Годишната сметка ги содржи пропишаните годишни финансиски извештаи, кои пак во законски предвидениот рок се доставени до соодветните државни институции.

Од тие причини, сметководствените податоци содржани во годишната сметка на Општина Зелениково за 2025 година се во согласност со законските прописи и постојните сметководствени правила, стандарди и принципи.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02 и „Службен весник на РСМ" број 202/24), Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлука за усвојување на Годишна сметка на ООУ "Марко Цепенков" – Зелениково за 2025 година

Се објавува Одлуката за усвојување на Годишната сметка на ООУ "Марко Цепенков" – Зелениково за 2025 година, донесена на 8-та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 12.03.2026 година.

**Број 08-02/20**
**Датум 16.03.2026 година**

**Градоначалник**
**на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) Советот на Општина Зелениково, на 8 – та седница одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Годишна сметка на ООУ "Марко Цепенков" – Зелениково за 2025 година**

Член 1

Се усвојува Годишната сметка на ООУ "Марко Цепенков" - Зелениково за 2025 година.

Член 2

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Зелениково.

**Број 10-118/2**
**Датум 12.03.2026 година**

**Совет на Општина Зелениково**
**Претседател**
**Миле Димовски с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02 и „Службен весник на РСМ" број 202/24), Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлука за усвојување на Завршна сметка на
ЈКП Зелениково за 2025 година

Се објавува Одлуката за усвојување на Годишната сметка на ЈКП Зелениково за 2025 година, донесена на 8-та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 12.03.2026 година.

**Број 08-02/21** **Градоначалник**
**Датум 16.03.2026 година** **на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), член 23 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Зелениково (Службен гласник број 09/2019), Советот на Општина Зелениково, на 8 – та седница одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Завршна сметка на ЈКП Зелениково за 2025 година**

Член 1
Се усвојува Завршната сметка на Јавното комунално претпријатие Зелениково за 2025 година.

Член 2
Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Зелениково.

**Број 10-126/2** **Совет на Општина Зелениково**
**Датум 12.03.2026 година** **Претседател**
**Миле Димовски с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02 и „Службен весник на РСМ" број 202/24), Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлука за сопствено финансиско учество на Општина Зелениково за реализирање на проектот "Реконструкција на дел од локална улица 22 (кај Млекара) во опфат на УПС Зелениково, Општина Зелениково"

Се објавува Одлуката за сопствено финансиско учество на Општина Зелениково за реализирање на проектот "Реконструкција на дел од локална улица 22 (кај Млекара) во опфат на УПС Зелениково, Општина Зелениково", донесена на 8-та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 12.03.2026 година.

**Број 08-02/23**
**Датум 16.03.2026 година**

**Градоначалник**
**на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02 и „Службен весник на РСМ" бр.202/24), Советот на Општина Зелениково на седницата одржана на ден 12.03.2026 година, ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**
**за сопствено финансиско учество на Општина Зелениково за реализирање на проектот "Реконструкција на дел од локална улица 22 (кај Млекара) во опфат на УПС Зелениково, Општина Зелениково"**

Член 1

Со оваа одлука се одобрува сопствено финансиско учество на Општина Зелениково за реализирање на проектот **"Реконструкција на дел од локална улица 22 (кај Млекара) во опфат на УПС Зелениково, Општина Зелениково",** во висина од 20% од обезбедените финансиски средства од страна на Бирото за регионален развој, по основ на Јавен повик за прибирање на предлог проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив и урбан развој, развој на подрачјата со специфични развојни потреби и за развој на селата за средства од Програмата за рамномерен регионален развој за 2026 година (Сл.весник на РСМ бр.29/26) објавен од страна на Бирото за регионален развој.

Точната вредност на сопственото финансиско учество на Општина Зелениково ќе биде утврдена врз основа на висината на одобрените финансиски средства по прифатената апликација од страна на Бирото за регионален развој.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Зелениково“.

**Број 10-147/1**
**Датум 12.03.2026 година**

**Совет на Општина Зелениково**
**Претседател**
**Миле Димовски с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02 и „Службен весник на РСМ" број 202/24), Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлука за сопствено финансиско учество на Општина Зелениково за реализирање на проектот "Реконструкција на локална улица 2 во село Страхојадица, Општина Зелениково "

Се објавува Одлуката за сопствено финансиско учество на Општина Зелениково за реализирање на проектот "Реконструкција на локална улица 2 во село Страхојадица, Општина Зелениково", донесена на 8-та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 12.03.2026 година.

**Број 08-02/24**
**Датум 16.03.2026 година**

**Градоначалник**
**на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), Советот на Општина Зелениково на седницата одржана на ден 12.03.2026 година, ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**
**за сопствено финансиско учество на Општина Зелениково за реализирање на проектот "Реконструкција на локална улица 2 во село Страхојадица, Општина Зелениково"**

Член 1

Со оваа одлука се одобрува сопствено финансиско учество на Општина Зелениково за реализирање на проектот **"Реконструкција на локална улица 2 во село Страхојадица, Општина Зелениково",** во висина од 20% од обезбедените финансиски средства од страна на Бирото за регионален развој, по основ на Јавен повик за прибирање на предлог проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив и урбан развој, развој на подрачјата со специфични развојни потреби и за развој на селата за средства од Програмата за рамномерен регионален развој за 2026 година (Сл.весник на РСМ бр.29/26) објавен од страна на Бирото за регионален развој.
Точната вредност на сопственото финансиско учество на Општина Зелениково ќе биде утврдена врз основа на висината на одобрените финансиски средства по прифатената апликација од страна на Бирото за регионален развој.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Зелениково“.

**Број 10-146/1**
**Датум 12.03.2026 година**

**Совет на Општина Зелениково**
**Претседател**
**Миле Димовски с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02 и „Службен весник на РСМ" број 202/24) Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за неусвојување на Одлуката за утврдување на бројот на членови на Управен одбор на ЈКП Зелениково

Не се усвојува Одлуката за утврдување на бројот на членови на Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие Зелениково, донесена на 8 - та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 12.03.2026 година.

**Број 08-02/25** **Градоначалник**
**Датум 16.03.2026 година** **на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02 и „Службен весник на РСМ" број 202/24) Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за неусвојување на Одлуката за именување членови на Управен одбор на ЈКП Зелениково

Не се усвојува Одлуката за именување на членови на Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие Зелениково, донесена на 8 - та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 12.03.2026 година.

**Број 08-02/26** **Градоначалник**
**Датум 16.03.2026 година** **на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02 и „Службен весник на РСМ" број 202/24) Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за неусвојување на Одлуката за именување на членови на Надзорен одбор на ЈКП Зелениково

Не се усвојува Одлуката за именување на членови на Надзорен одбор во ЈКП Зелениково, донесена на 8 - та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 12.03.2026 година.

**Број 08-02/27**
**Датум 16.03.2026 година**

**Градоначалник**
**на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02 и „Службен весник на РСМ" број 202/24) Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за неусвојување на Одлуката за утврдување на надоместокот за членовите на Управен и Надзорен одбор на ЈКП Зелениково

Не се усвојува Одлуката за утврдување на надоместокот за членовите на Управен и Надзорен одбор на Јавното комунално претпријатие Зелениково, донесена на 8 - та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 12.03.2026 година.

**Број 08-02/28**
**Датум 16.03.2026 година**

**Градоначалник**
**на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**